AMCHAM MACEDONIA

**ОБУКА: FIRST TIME MANAGER**

**ЗАЧЕКОРЕТЕ СИГУРНО НА МЕНАЏЕРСКАТА ПОЗИЦИЈА!**

## Чекор нагоре

Штотуку сте унапредени на раководна позиција? Или се подготвува Вашето унапредување? Сé што знаете е дека имате кратко време да стасате на врвот од новата позиција и продолжите напред. Можеби сакате да покажете дека сте подготвени за следното скалило, да бидете забележани како потенцијален менаџер?

Една од посложените транзиции во кариерата е онаа од извршител во улога на раководител. Сега имате можност добро да се подготвите и да осигурате успех! Работилницата *FIRST TIME MANAGER* Ви овозможува стекнување знаење и вештини за справување со трансформацијата во раководна улога и одговорностите на ефективно управување.

Програмата на обуката и дискусиите ќе Ве натераат да ги преиспитате сопствените обрасци на раководење во такви кои ја негуваат креативноста и создаваат организациска култура во чие ткиво е вткаена иновативноста на тимовите.

Во текот на работилницата, низ вежби и активности дизајнирани за симулирање одредени предизвици во улогата на раководење со тимови, ќе развиете стратегиска самосвест и лична агенда на раководење за првите 90 дена, како и сет на нови алатки за раководење во Вашата организација.

## Теми опфатени низ програмата

- ✓ Вашето позиционирање во улога на раководител
- ✓ Направете сопствена промоција - изградете почетна видливост
- ✓ План за преод
- ✓ Забрзајте го своето учење
- ✓ Прилагодете ја сопствената стратегија на опкружувањето
- ✓ Остварете брзи резултати
- ✓ Преговарајте за успех
- ✓ Усогласете се
- ✓ Изградете моќен тим
- ✓ Иновативноста како клучна одлика на Вашиот тим


This event was made possible by generous support of our Patron members:

комерцијална банка ад скопје

vitaminka

ALKALOID SKOPJE Health above all www.alkaloid.com.mk

OKTA

Microsoft

ПИВАРА СКОПЈЕ 1924

А.Д. СКОПСКИ ПАЗАР СКОПЈЕ ОСНОВАН 1952

T

- ✓ Умешно менторство и коучинг
- ✓ Креирајте партнертва
- ✓ Одличност на учинокот
- ✓ Вашиот план за раководење за првите 90 дена
- ✓ Сочувајте баланс - стратегии за управување со стрес и време
- ✓ Внесете темпо, остварете резултати, осигурајте успех

## Кој треба да присуствува

Програмата е наменета за:

- ✓ вработени со висок потенцијал, кои се подготвуваат да предводат и сакаат во кусо време да развијат вештини на раководење;
- ✓ новоназначени раководители, кои се наоѓаат во периодот на ориентација на своите нови работни позиции;
- ✓ професионалци кои се подготвуваат за следниот чекор во кариерата – менаџерска позиција.

## Обучувачи

**Тереза Серафимова** – Консултант за човечки ресурси www.aag.com.mk/hogan

**Наташа Ивановска -** Сертифициран тренер и Бизнис коуч

## Услови и технички информации

**Би сакале да Ве информираме дека учеството на овој настан за членките на Американската стопанска комора е бесплатно, но Ве молиме да имате предвид дека пријавувањето за истиот е задолжително најдоцна до 20 март.**

**Деталниот дневен ред и местото на одржување на обуката ќе бидат објавени во текот на март 2012. Обуката ќе се одржи на македонски јазик.**

This event was made possible by generous support of our Patron members: